**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 јануари 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: декември 2019 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити, во декември, и натаму се намалува сведувајќи се на нивото од 4,94%, што преставува месечен и годишен пад од 0,06 п.п. и 0,39 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 1,26% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на претходниот месец, додека на годишно ниво е пониска за 0,15 п.п.

- Во декември, просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити забележа месечен пад од 0,13 п.п. и изнесува 4,15%, додека на годишно ниво се намали за 0,34 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 1,14%, по падот од 0,12 п.п. и 0,26 п.п., соодветно на месечна и годишна основа.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 12.2018 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 11.2019 | 12.2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.33** | **5.26** | **5.19** | **5.09** | **5.00** | **4.94** |
| Корпоративен сектор | 4.63 | 4.54 | 4.45 | 4.32 | 4.22 | 4.17 |
| Домаќинства | 6.08 | 6.01 | 5.92 | 5.81 | 5.74 | 5.70 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.49** | **4.84** | **4.70** | **4.46** | **4.28** | **4.15** |
| Корпоративен сектор | 4.30 | 4.53 | 4.29 | 4.11 | 4.00 | 3.80 |
| Домаќинства | 5.03 | 5.49 | 5.22 | 5.10 | 4.93 | 4.71 |
| **Вкупни депозити** | **1.41** | **1.42** | **1.41** | **1.36** | **1.28** | **1.26** |
| Корпоративен сектор | 1.69 | 1.74 | 1.61 | 1.67 | 1.56 | 1.53 |
| Домаќинства | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.32 | 1.25 | 1.23 |
| **Новопримени депозити** | **1.40** | **1.42** | **1.15** | **1.27** | **1.26** | **1.14** |
| Корпоративен сектор | 1.04 | 1.15 | 0.96 | 1.32 | 1.19 | 1.11 |
| Домаќинства | 1.60 | 1.63 | 1.25 | 1.24 | 1.31 | 1.17 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор е намалена за 0,05 п.п. овој месец и изнесува 4,17%. Притоа, надолната промена се должи на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,06 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,04 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.). Оваа каматна стапка е пониска за 0,46 п.п., во споредба со истиот период претходната година.







Извор: НБРСМ.

– Во декември 2019 година, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор оствари месечен пад од 0,20 п.п и се сведе на 3,80%. Месечниот пад е резултат на надолното поместување кај каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,22 п.п. и 0,09 п.п., соодветно), додека каматните стапки на кредитите во странска валута се зголемени (за 0,31 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,50 п.п.







Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

- Кај просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, во декември, е забележана месечна надолна промена од 0,03 п.п. и таа изнесува 1,53%. Надолната промена се должи на падот на каматните стапки на сите компоненти, и тоа на: депозитите во денари без валутна клаузула (за 0,05 п.п.), депозитите во странска валута (за 0,03 п.п.) и депозитите во денари со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е пониска за 0,16 п.п., во споредба со декември 2018 година.

- Просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор, овој месец, се сведе на нивото од 1,11% и во однос на минатиот месец се намали за 0,08 п.п. Падот во целост произлегува од намалувањето кај каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,15 п.п.), при зголемени каматни стапки на денарските депозити без валута клаузула (за 0,07 п.п.) и непроменети каматни стапки на денарските депозити со валутна клаузула. На годишна основа, оваа каматна стапка е зголемена за 0,07 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРСМ.

- Во декември, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата оствари месечно намалување од 0,04 п.п. и изнесува 5,70%. Гледано според валутната структура, месечната промена се објаснува со намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,07 п.п.), каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,03 п.п., соодветно). Гледано на годишна основа, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата забележа пад од 0,38 п.п.

---

[5] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Кај просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, во декември, е забележано намалување од 0,22 п.п. на месечна основа и изнесува 4,71%. Остварениот пад се должи на падот кај сите компоненти, и тоа: каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,28 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,19 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,01 п.п.). Во споредба со истиот период претходната година, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е намалена за 0,32 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата, овој месец, изнесува 1,23%, по месечниот пад од 0,02 п.п. Месечната промена произлегува од падот кај сите компоненти на оваа каматна стапка: каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,22 п.п. и 0,03 п.п., соодветно) и депозитите во странска валута (за 0,01 п.п.). Оваа стапка, анализирано на годишна основа е пониска за 0,15 п.п.

– Овој декември, просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата[7] забележа пад од 0,14 п.п. и се сведе на нивото од 1,17%. Месечниот пад се должи на намалените каматни стапки на депозитите примени во странска валута (за 0,23 п.п.) и намалените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,15 п.п.). Истовремено, каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула во декември изнесува 1,70%, за разлика од претходните пет месеци кога банките и штедилниците не примиле ваков вид депозити. На годишно ниво, просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата е пониска за 0,43 п.п.

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 28 февруари 2020 година (референтен пресек заклучно со јануари 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/108).